
ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2024 ГОДИНА

дејност заштита



февруари 2025 год.

ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Годишната Програма од национален интерес во културата за 2024 година од областа на заштитата на недвижното културно наследство ја сочинуваат следните проекти:

1. Реализација на конзерваторски проект за партерно уредување и оградување на дел од заштитениот простор на Спомениkот „Илинден“, со детали на урбана опрема и хортикултурно уредување.

2. Изработка на проект за санација, реставрација и конзервација на Могилата на непобедените.

3. Непосредна заштита, конзерваторско - реставраторски интервенции и делумна реконструкција на Градба, дел од Агора, сектор храм, јужна тераса, локалитет Стибера, Чепигово.

4. Реализација на Проект за конзервација и реставрација на иконостасот во црквата Св. Благовештение во Прилеп.

5. Изработка на елаборат за ревалоризација на Спомен дом Блаже Конески.

6. Изработка на елаборат за валоризација на училиштето во кое Блаже Конески завршил прво одделение во 1927 г.

7. Изработка на елаборат за валоризација на црква Св Никола во село Небрегово, општина Долнени.

8. Изработка на елаборат за валоризација на археолошкиот локалитет Павла Чука – Старо Бонче.

9. Тековно одржување на археолошките локалитетите Врбјанска чука кај с. Славеј-Општина Кривогаштани и Павла Чука (кралска гробница) с . Подмол, Општина Прилеп.

10. Заштитно конзерваторски основи за културно наследство за Просторен план на Република Македонија.

11. Основен проект за конзервација, реставрација и санација на Музејот на НОВ во Крушево.

12. Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. „Коча Миленку“ бр.15 во Крушево.

13. Изработка на ЗКО во надлежност на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп (согласно член 71 став 4 од Законот за заштита на културното наследство).

14. Изработка на Основниот проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Успение на Пресвета Богородица од манастирот Трескавец, во чии рамки влегува изработка на Основен проект за санација и конструктивна консолидација; добро во опасност.

15. Хидрогеолошки и геотехнички теренски истражувања, изработка на геотехнички Елаборат и Изработка на проект за дренирање на површински и подземни води во манастирскиот комплекс Трескавец; добро во опасност, а пред Изработка на Основниот проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата „Успение на Пресвета Богородица“ од манастирот Трескавец.

16. Итни мерки за заштита на на куќа на ул. „Коча Миленку“ бр. 29 во Крушево.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО за 2024 г.

1. **Реализација на конзерваторски проект за партерно уредување и оградување на дел од заштитениот простор на Споменикот „Илинден“, со детали на урбана опрема и хортикултурно уредување.**

Финализирана е изработката на проектот за Партерно уредување и оградување на дел од заштитниот простор на споменикот „Илинден“, со детали на урбана опрема и хортикултурно уредување (во граници на заштитено добро-споменик „Илинден“- дел од КП бр.4109), КО Крушево, Општина Крушево. (испратено до НКЦ Скопје на стручна контрола), со бр. 10-174/1 од 14.06.2024 год.
Решение бр. 10-166/1 од 30.05.2023 год.
Стручен тим:
Сузана Грибовска дипл.инж.арх. конзерватор-советник, - раководител на тимот
Елена Ѓорѓиевска, виш конзерватор, дипл. инж.арх., надворешен член;
Васко Петровски, дипл.град. инж.; надворешен член.

Во втората половина од годината проектот е испратен и одобрен од стручна контрола што ја формира НКЦ Скопје, но не е издадено конзерваторско одобрение од УЗКН Скопје, која побара да се промени насловот и да гласи: Конзервација и реставрација со партерно уредување и оградување на дел од заштитниот простор на споменикот „Илинден“, со детали на урбана опрема и хортикултурно уредување (во граници на заштитено добро-споменик „Илинден“- дел од КП бр.4109), КО Крушево, Општина Крушево.



2. **Изработка на проект за санација, реставрација и конзервација на Могилата на непобедените**

Согласно со договорот изработувачот на проектот пристапи кон реализација на конзерваторскиот проект ,,Могила на непобедените - Алеја на народните херои’’, при што исцртана е техн. документација на постојната состојба, обработени се податоци во врска со дескриптивниот опис на споменикот , дефиниран е концептот на речението одн. исцртана е техничката документација со решението. Се работи на корекција на одредени детали и податоци со чие прибавување ќе се заокружи проектот во тековната 2025 год.




3. **Непосредна заштита, конзерваторско - реставраторски интервенции и делумна реконструкција на Градба, дел од Агора, сектор храм, јужна тераса, локалитет Стибера Чепигово**

Со работата се започна со припремни работи кои се состоеа во набавка на потребни материјали и опрема со оглед на спецификите на теренот и локацијата на самиот објект кој е предмет на конзерваторско-реставраторски работи и делумна реконструкција и истите се состоеа во профилирање на пристапниот пат со цел пристап на тешки товарни возила за доставување на песок, камен, вар и усје мал. Каменот се набави со откуп на стара куќа од камен од с. Чепигово која била изградена во почетокот на 20-ти век со камен од локалитетот Стибера с. Чепигово како и многу други куќи во селото. Со непосредна заштита се започна на 20.08.2024 година со чистење на остатоците од ѕидовите од камен односно отстранување на горните лабилни слоеви до здрава контактна површина за почеток на процесот на деумна реконструкција.


Објектот кој е дел од агората е со димензииширочина 13 метри, должина 13,45 метри и дебелина на ѕидовите од 59 см односно источниот 59 - 60 см.

Делумна реконструкција и конзервација започнавме на источниот ѕид со оглед на фактот дека во изминатите три години дел од меката карпа на која бил поставен ѕидот беше разградена и постоеше опасност да се реконструира на истата. Беше отстранета сета ѕидна разградена површина со клесање така што дојдовме до темелната партија по што се поставија првите редови од реконструкција на источниот ѕид. Со цел паралелно ѕидање на двата ѕидови односно поврзување на аглите и преклопување на врските се премина на северниот ѕид во должина од 4 метри, ширина 59 см и висина од 30 - 50 см. Работата продолжи и во наредниот ден со цел изравнување на источниот ѕид по цела должина од 13 метри и северниот во должина од 6 метри до ниво од 65 см висина каде треба да се започне со оформување со трите ниши на источниот ѕид. Во првата ниша била поставена мермерна ара со натпис на постамент со секундарна употреба, во втората централна ниша каде била поставена статуа на Фаустина и во третата ниша каде не се пронајдени елементи од истата. Со реконструкција се продолжи на северниот ѕид, неговиот јужен дел и на остатокот од западниот ѕид. Западниот ѕид беше разрушен до најниската кота на темелната партија имаќи во предвид дека до пред неколку години тој дел го опфаќаше обработлива површина па темелот беше разграден со изорување на нивата. За консолидирање на остатокот од западниот ѕид се изврши ископ на темел во должина од еден метар и се поврза со остатокот од темелниот дел така да се изврши реконструкција во неколки дена на јужниот дел од северниот ѕид и западниот темел и ѕид во висина од 1,50 метри, ширина 59 см и должина од 4,60 метри.

Треба да се напомене дека работите се извршуваа на локалитет без достапност на струја, и вода и припремата на малтер се вршеше со мешалица приклучена на агрегат за струја а вода се доставуваше на два дена во метални буриња кои истите се преточуваа на локалитетот во други буриња. Реконструкцијата продолжи на северниот ѕид со каскадно повлекување во правец на исток запад и во оваа фаза ова ќе биде конечен изглед на северниот и остатокот од западниот ѕид.
Реконструкцијата продолжи на источниот ѕид неговиот јужен дел и спојот со јужниот ѕид. Бидеќи истиот беше целосно разрушен се изврш реконструкција на тој дел и спојот (аголот) со јужниот ѕид во должина од 4,50 метри, ширина 60 см и висина од 1,60 метри. Откако се одредија проектираните параметри на трите ниши се пристапи кон поставување на мермерниот постамент од централната ниша кој исто беше секундарно употребен. Со систем на лостови и каиши за подигнување со одредени тешкотии поради неговата тежина истиот се вгради на потребната позиција а истата операција се изврши и со постаментот од првата ниша за кој требаше дополнителна работна сила за подигнување на истиот. Во конкретниот случај не се употребија други технички помагала и опрема од финансиски причини и ограничен простор за манипулација на соодветни машини и дигалки. За централната ниша се изврши селекција на здрави тули од остатоците од истата бидеќи се констатира дека фронталниот дел бил ѕидан со два типа на градежна тула со димензии 35 х 17,4,5 см и 25х17,4,5 см. Тулите меѓусебно беа поврзани со фуга со дебелина од 3 см. Внатрешноста на нишата е ѕидана со кршен и полуобработен камен а истата била малтарена и декорирана со вегетабилна декорација. Централната ниша во првата фаза се реконструира до висина од 55 см. Првата и третата ниша се реконструираа со камен со избор по големина, боја и структура автентична со опусот на ѕидање со остатоците од јужниот ѕид.
По конечно оформување на јужното крило од источниот ѕид кое поради висината на јужниот ѕид од 2,20 метри се одлучивме да го надѕидаме и северното крило поради симетрија и впечатливост на реконструираните делови.
На крај се вршеше реконструкција на јужниот ѕид кој имаше најголема сочувана ѕидна површина и тој се реконструира согласно проектот односно во неговата крајна фаза со должина на ѕидот од 10 метри односно еден метар плус од постоечката состојба со цел консолидација на неговата западна завршна партија. Се ѕидаше со избор на камен по големина боја и структура како и постоечкиот, во ширина од 59 см и со каскадно зголемување на висината согласно проектот.







4. **Реализација на Проект за конзервација и реставрација на иконостасот во црквата Св. Благовештение во Прилеп**

Согласно предвидената динамика реализацијата на овој проект се одвиваше во ноември и декември месец. Со дел од доделените средства од Министерството за култура во 2024 година, продолжена е реализацијата на непосредната заштита на иконостасот во црквата, по претходно добиено конзерваторско одобрение од УЗКН Скопје и назначен конзерваторски надзор од НУ НКЦ Скопје.
Конзерваторско-реставраторските работи продолжија да се одвиваат по претходно извршените припремни работи(набавка на потрошни материјали и ситни алатки, екипирање и организација на просторот за работа) кај централните царски двери со подолунаведените постапки предвидени во проектот.

Применети се следните конзерваторски постапки: фотодокументирање; суво чистење, двократно инјектирање со цел дезинфекција и дезинсекција кај полетните отвори и пукнатините и фиксирање со цел консолидација на дрвната маса кај од предната и задната страна на дверите. Кај иконописните дела извршено е отстранување на восок, заштита на иконите вградени во царските двери, поради понатамошна работа на резбаните елементи од предната страна, односно отстранување на бронзените премази и останати предвидени постапки во проектот.

Средствата се искористени за:
- набавка на потрошни материјали и ситен алат
- гориво
- услуги од трети лица
- Со програмата за 2024 година одобрени и целосно реализирани се 100.000,оо денари.



5. Изработка на елаборат за ревалоризација на Спомен Дом Блаже Конески

Се прибавија и обработија сите релевантни податоци, дескриптивна и фото документација за споменикот на култура, во тек е доработка и корекција на дел од техничката документација со што содржините од предметот во текот на месец Март ќе бидат целосно заокружени и спремни за печат за што се набавени потребните материјали и опрема.




6. Изработка на елаборат за валоризација на училиштето во кое Блаже Конески завршил прво одделение во 1927 г

Заради ограничените можности во врска со прибирањето на дескриптивна документација за училницата , успорена е постапката за внес на релевантни податоци поврзани со нејзината функција како училница во која Блаже Конески го завршува првото одделение од неговото основно образование. Се работи на докомплетирање на податоците, техничката документација во голема мера е завршена. Набавени потребните материјали и опрема.
Предметот ќе се докомплетира до втората половина од 2025 год.




Училиштето во кое Блаже Конески го завршил првото одделение

7. Изработка на елаборат за валоризација на црква Св Никола во село Небрегово, општина Долнени

По завршувањето на теренската работа во првите шест месеци од годинава, за второто полугодие остана канцелариската работа, односно изработката на елаборатот за валоризација. Паралелно со него, се изготвува и актот за заштита, по што ќе бидат доставени до Управата за заштита на културното наследство. Изработката е во завршна фаза.




Мерење во внатрешноста на црквата




Внатрешен изглед на црквата

8. **Изработка на елаборат за валоризација на археолошкиот локалитет Павла Чука – Старо Бонче**

Се започна со реализацијата на Проектот–изработка на Елаборат за валоризација на археолошкиот локалитет „Павла Чука”, Старо Бонче, каде континуирано се истражува од 2006 г.-2024г. од страна на НУ Завод и Музеј, Прилеп и Филозоскиот факултет, УКИМ, Скопје.
Елаборатот е во тек, односно со задоцнет почеток. Причините за тоа е од техничка природа и недоволно финансиски средства доделени од Министерството за култура. Што се однесува до техничката природа како причина за задоцнет почеток на изработка на елаборатот, се работи за мошне голем простор, односно повеќе од десет евидентиратни археолошки локалитети, кој во овој случај всушност се вклучуваат во една територијална целина.

Текстуалниот дел веќе е во завршна фаза според новиот правилник за валоризација, како и селекцијата на фото и техничката документација за вклучените археолошки наоѓалишта во рамките на спомеличната целина.

9. **Тековно одржување на археолошките локалитетите Врбјанска чука кај с. Славеј-Општина Кривогаштани и Павла Чука (кралска гробница) с . Подмол Општина Прилеп**

Локалитетот Врбјанска Чука претставува неолитска населба и наоди од подоцнежни средновековни јами. Се наоѓа 2 км. источно од селото Славеј, во кругот на ЗИК Прилеп. Се работи за тумба делумно оштетена со изградбата на некогашниот живинарник. Почетоците на истражувањата од страна на НУ Завод и Музеј Прилеп се од 1979 и траат до 1989 година, при што е дефинирано дека

населбата припаѓала на Велушко - Породинската културна група. Од 2016 година се истражува во рамки на интернационален проект меѓу Центарот за истражување на предисторија, НУ Завод и Музеј – Прилеп, Универзитетот на Јужна Бохемија и Институтот за старословенска култура.

Како резултат на интензивното истражување на локалитетот, нужна е потребата за тековно одржување на истражениот и околниот простор. Секоја година по завршувањето на истражувањата целиот истражен простор се покрива со најлон и земја. Околниот простор на локлитетот не се обработува со земјоделски активности и тоа придонесува за зголемување на бујната вегетација. При консултација со раководителот на истражувањата др. Гоце Наумов, процесот за прскање на просторот со тотал-отров против бујната вегетација не се реализира, поради тоа што отровите ќе им пречат на понатамошните хемиски анализи на земјата од локалитетот. При теренските активности најнапред беа санирани деловите од заштитниот најлон, со што беше препокриено каде што недоставуваше најлонот. Водата која се таложела во јамите во рамки на покриениот простор целосно се отстрани, по што заштитниот најлон повторно се постави и се покри со земја. Во следната фаза на активностите следеше целосно косење на бујната вегетација и нејзино дислоцирање. Се исчисти патеката околу целиот локалитет, со цел да има пристап за посетителите.

Локалитетот Павла Чука или познат како „кралската гробница“, се наоѓа на околу 3 км. југоисточно од селото Подмол и околу 4 км. јужно од селото Бонче. Речиси е сигурно дека оваа гробница, по своите димензии, формата и елементите од кои е изградена, му припаѓала на некој висок достоинственик, односно крал на Пелагонското кралство. За прв пат е откриена уште пред првата светска војна, а во 1936 година српскиот археолог Никола Вулиќ вршел ревизиони археолошки истражувања. Од 2008 година Филозофски факултет – Скопје во соработка со НУ Завод и Музеј – Прилеп, ја истражуваат гробницата и просторот околу неа. Неколку години средствата за истражувања се премногу скромни, што придонесе кон истражување само на просторот пред гробницата, односно некрополата. Дромосот и комората во врнежливи години се полнат со вода што доплнително придносува за раст на бујната тревна вегетација и стеблеста вегетација.

Во текот на оддржувањето прво се пристапи кон косење на вегетацијата од околниот простор за да има пристапна патека околу гробницата. Во дромосот и комората се отсрануваа земјените наслаги што паѓаат од профилот, односно целосно се исчистија. Следуваше сечење на дрвјата во горнит дел од гробницата, односно над нејзиниот влез. Причината за сечењето е што констатно паѓаат делови од нив во комората и ја исполнуваат со вегетација,. Корењата на дрвјата, кои исто така беа отстранети, веќе започнаа со деструкција на сводот од предкомората. По завршувањето на горенаведените активности, се пристапи кон прскање на околниот простор со билка тотал- отров кој го спречува растењето на вегетацијата. Во наредните години се планира целосно сечење на дрвјата со цел деструкцијата од нивното растење да се прекине и да се започне со фаза на изработка на елаборат за основен проект за конзервација и реставрација на гробницата.









10. Заштитно конзерваторски основи за културно наследство за Просторен план на Република Македонија

Изработката на Заштитно конзерваторските основи за културно наследство за просторен план на РМ се извршува со посета на археолошки локалитети и цркви во населени места и надвор од населените места во нивните атари, како и со кабинетска обработка на материјалот, систематизирање во табели, графички цртежи во AutoCAD програма и текстуален опис на подрачјето на надлежност, како: идентификација на подрачјето под надлежност на институцијата, инвентаризација на регистрирани и евидентирани добра, проценка на состојбата на добрата, анализа на состојбата, физичка зачуваност, автентичност, причини за пропаѓање, надворешни влијанија и многу други податоци поврзани со добрата.

Според наведените податоци за внесување на лоцираноста на недвижното културно добро (регистрирано или евидентирано) во просторниот план, потребно беше посета на многу поединечни добра поготово археолошки локалитети за кои не се дефинирани границите на доброто а со тоа и определување на точни координати (пример 41˚21’ 37.07” N 21˚32’04.00”E), внесување на соодветно решение од централен регистер или решение од УЗКН, РНД или ЕНД број.


Целта од обработка и внесување на културните добра во Просторниот план на РМ се намалување на ризикот од несакан упад при планирање на просторот со генерален урбанистички план, детален урбанистички план како и на бесправен упад на правни и физички лица.


11. Основен проект за конзервација, реставрација и санација на Музејот на НОВ во Крушево

Со Нацрт годишната програма за работа за 2024 година, за реализација на овој проект имавме побарано 4.840.000 денари, а одобрени ни беа само 500.000,оо. Овие средства не се ни приближно доволни, тендерската постапка два пати не се реализира поради тоа што економските оператори понудија повисоки цени. Доделените средства не беа доволни ни за реализација на една фаза, „Изведба на дренажен канал“. За таа цел се обративме до Министерството со барање за пренамена на средствата за друг проект. Барањето беше прифатено и 500.000,оо денари се пренаменија за проектот за куќата на ул Коча Миленку бр 29, Крушево, добро во опасност.

12. Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. „Коча Миленку“ бр.15 во Крушево

По пропаѓање на две тендерски постапки, третата заврши успешно. Донесена е одлука за избор на понудувач со кој се потпиша договор и се пристапи кон реализација на работи на непосредна заштита согласно проектот. Работите на терен се завршија заклучно со 20.09.2024 г., изведувачот ги реализира работите поврзани со припремните, покривачките, sидарско малтерисувачките и лимарските работи предвидени со проектот.





13. Изработка на ЗКО во надлежност на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп (согласно член 71 став 4 од Законот за заштита на културното наследство)

Во 2024 година НУ Завод и Музеј не изработи ЗКО.

14. Изработка на Основниот проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Успение на Пресвета Богородица од манастирот Трескавец, во чии рамки влегува изработка на Основен проект за санација и конструктивна консолидација; добро во опасност

Во тек е комплетирање на дескриптивната и фото документација, врз основа на направените конзераторски истражувања и увиди . Во голема мера изработена е техн. документација на постојна состојба со оштетувања, технички прилози за хронологијата на објектот, и дел од прилозите од техн. документација за заштитна интервенција. Се работи на техн. прилози и дескриптивната документација на проектот за превенирање на живописот, но поради неможноста да се дојде до спомеикот и да се соберат дополнителните податоци изработката од овој дел на проектнтата докуменација доцни. Заокружен е техничкиот проект со решение за санација и конструктивно зајакнување на црквата како и техничкиот проект за отстранување на влагата и решението за подот од црквата.



15. **Хидрогеолошки и геотехнички теренски истражувања, изработка на геотехнички Елаборат и Изработка на проект за дренирање на површински и подземни води во манастирскиот комплекс Трескавец; добро во опасност, а пред Изработка на Основниот проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата „Успение на Пресвета Богородица“ од манастирот Трескавец**

За извршените работи заклучно со месец октомври во врска со договорот за: Хидрогеолошки и геотехнички теренски истражувања, изработка на геотехнички Елаборат и изработка на Проект за дренирање на површинските и подземните води во манастирскиот комплекс Трескавец. а за реализација на хидрогеолошки и геотехнички теренски истражувања, изработка на геотехнички Елаборат и изработка на Проект за дренирање на површинските и подземните води во манастирскиот комплекс Трескавец.

За реализирање на отпочнувањето на работите на екипата, НУ Завод и Музеј, заедно со членовите на тимот вршеше запознавање на состојбта на лице место: во црквата и теренот околу црквата, околу трпезаријата и конаците. Исто така како надлежна институција ги воведе во работа, за потоа да вршат картирање на терен и останати истражувачки работи.

Професорите од градежен факултет, меѓу кои и Д-р Спасен Ѓорѓевски, од катедрата за геологија, подетално извршија увид во состојбата и констатираа дека во внатрешноста на црквата подолго време има висок процент на влажност на воздухот. Оваа влажност ги доведува во опасност темелните ѕидови и негативно се одразува на целокупниот живопис.

За таа цел, по воведот во работа, извршени се теренски истражувања и лабораториски испитувања.

Од првенствено значење за актуелната проблематика е да се дефинира состојбата на испуканоста на карпестата маса, за што на ден 24.9 и 18.10.2024 год. во кругот на комплексот Трескавец е реализирано Инженерско-геолошко картирање.

- Теренски истражувања:

Извршено е инженерско-геолошко и хидрогеолошко картирање на локацијата на манастирот и околината на површина од околу 4 хектари.

Се пристапи кон реализација на инженерско-геолошко и хидрогеолошко картирање на застапената карпеста маса во северниот двор, каде е отстранет насипот.

Земени се примероци за лабораториски испитувања на едноаксијална јакост на карпата.

Преку структурни мерења на испуканоста и по познати емпириски методи определена е водопропусноста на карпестата маса.

Карпестите маси од аспект на испуканост се доста сложени, а како потврда за тоа се и различните геоморфолошки форми во кои се јавуваат во рамки на теренот: квадари, заоблени квадар, остенци, печурки и други. Некои од појавите се со големи размери.

Направен е обид да се одреди падот на фолијацијата и пукнатините кои се паралелнисо неа, па се измерени неколку агли на пад и ориентации. Забележани се и износите на отворот на пукнатини, како и карактерот на заполната на истите. Одредени се и пратечките пукнатински системи.

Во следната фаза ке се направи обид да се изработи карактеристичен хидрогеолошки профил на теренот и да се изврши дополнителна проценка на водопропусноста со помош на емпириски методи.

- Лабараториски испитувања

Извршени се испитувања на карпестата маса и одредени се физичко-механички карактеристики на карпата (во тек).

3. Изработка на Геотехнички Елаборат

Геотехничкиот елаборат е во тек на изработка


4. Изработка на Основен проект

Основниот проект е во тек на изработка


Напомена : Геотехничкиот елаборат и основниот Проект ке бидат изработени и предадени на инвеститорот најкасно до 10.11.2024 год.


















16. Итни мерки за заштита на на куќа на ул. „Коча Миленку“ бр.29 во Крушево

Во врска со реализацијата на проектот за демонтирање на девастираните делови од заштитеното добро во опасност – куќа на ул.,,Коча Миленку'' бр.29 КП бр. 5909 во Крушево (проект под бр. 10-66/13 од 31.05.2024 год.) склучен е договор за негова реализација под бр. 03-10/13 од 05.12.2024 год. помеѓу Н.У. Завод и Музеј – Прилеп и ДОО ,,ИНЖЕНЕРИНГ ТЕРАКОТА'' Прилеп
Иведувачот на работите во работа од страна на конзерваторскиот надзор назначен со решение бр. 10 66/28 од 05.12. 2024 год. е водеден на ден. 06.12.2024 год.
Доброто (Решение УП бр.18-1033/2015 од 26.08.2016 год.) се наоѓа во лоша состојба заради нарушување во конструктивниот систем– проследено со изгубена функција на носивост на градежните материјали, големи деформации и пореметувања на статичката стабилност на објектот која прогресира и истиот станува небезбеден по неговата непосредна околина.

Цел на заштитната интервенција е создавање на претпоставка за заштита на доброто и неговите елементи во прилог на изработка на проект за негова поцелисходна заштита со оглед на тоа дека целосно се изменети параметрите во постојниот ,,Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. Коча Миленку бр.29 во Крушево'' под бр. 10-222/1 од 25.06.2018 год. Друга цел е отстранување на опасноста од прогресивното пропаѓање на објектот а со тоа и загрозување на безбедноста на луѓето и околните објекти.



ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

ТЕКОВНИ ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Стручна контрола на Проекти изработени од други правни субјекти, или по барање на физички лица

Во текот на 2024 година Комисии формирани од стручните лица во НУ Завод и Музеј, извршија стручна контрола на два Основни Проекти.

Одговори на барања и увиди по барања на правни и физички лица

Во текот на 2024 година, стручните лица од нашата установа одговорија на барања од правни и физички лица во вкупно 72 случаи. Кај повеќе од половината, стручните лица од нашата установа извршија увиди со излегување на терен на лице место.

Изработка на Заштитно конзерваторски услови и Заштитно конзерваторски основи по барање на УЗКН и приватни и правни лица

Во текот на 24 година, по барање на правни или физички лица или преку УЗКН побарани се и изработени осум Заштитно конзерваторки услови.

Целосно изработени и одобрени со Решение од УЗКН се Заштитно конзерваторски основи за УПС Мажучиште.

Други вон програмски активности

Стручен тим од НУ Завод и Музеј - Прилеп вршеше **Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Долно Садово во близина на Прилеп**.

Истражувањата се реализирани за потребите на инвеститорот ДПТУ „Ведрина - ДОО“ од Прилеп (планирана изградба на систем на соларни панели).

Се истражуваше во временскиот период од 30.05.2024 до 20.06.2024. Со откривање на движни наоди од садова (куќна) и градежна (покривна) керамика, како и неколку бронзени монети, потврдено е населбинско егзистирање на поширокиот простор во доцноантичко време, односно кон крајот на постоењето на Римската Империја

Заштитни археолошки истражувања во манастирскиот комплекс на локалитетот Трескавец, с. Дабница. Истражувањата се втора фаза од проектот, а реализирани за потребите на партерно уредување на северното двориште во манастирот „Пресвета Богородица“ – Трескавец. Временскиот интервал на реализација беше од 14.10.2024 до 14.11.2024. Откриени се остатоци од градби (sидна архитектура и издлабувања во карпестиот терен, при што се дефинирани четири градежни фази: праисториска, античка, доцноантичка и османлиска. Се констатира дека со секое подигање на градбите биле разградувани постарите градби, такашто sидовите во најголем дел се сочувани само во нивните темелни партии. Со оглед на овие скромни остатоци, за намената, односно функцијата на градбите не може ништо поконкретно да се каже.

Со овогодинешната кампања се откриени три гробови од типот на циста (гробни конструкции оформени од камени плочи). Во само еден од нив се евидентирани остеолошки остатоци од погребаниот покојник. Иако во гробовите не се пронајдени движни наоди (прилози), според конструкците од типот циста, се датираат во 11 и почетокот на 12 век.

По барање на приватни инвеститори а за потребите за изработка на Урбанистичка документација се извршени **Археолошки рекогносцирања** во рамки на концесија кај с.Оревоец-

Општина Прилеп (м.в. Горна Кобил) и за потребите на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за општински патишта (обиколница Исток од Сивец до А1) Општина Прилеп,

Во текот на 2024 г, самоиницијативно и во соработка со колеги беа подготвени и излегоа од печат неколку стручни трудови на стручните лица од НУ Завод и Музеј - Прилеп:

1. **Душко Темелкоски, Владимир Крстески** МОНЕТИ НА МАКЕДОНСКИОТ КОИНОН ЗА ВРЕМЕ НА РИМСКОТО ЦАРСТВО ВО НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП, Зборник на трудови 27, Битола
2. **Душко Темелкоски, Владимир Крстески, Александар Миткоски, Дејан Кебакоски, Оливера Јандреска**, ЗАШТИТНИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ МАНАСТИРЧЕ, СЕЛО ГАЛИЧАНИ, Зборник на трудови 27, Битола,
3. **Мимоза Христоска**, ПРОМОЦИЈА НА ХАРТИЕНИ-ГРАФИЧКИ ИКОНИ ОД XVIII И XIX ВЕК ОД ЗБИРКАТА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП, Зборник на трудови 27, Битола
4. **Билјана Темелкоска,** ПРИВАТНИ БИБЛИОТЕКИ Зборник на трудови 27, Битола.
5. **Лилјана Неделкоска,** КНИГАТА ЗА КОМЕНТАРИ (ВПЕЧАТОЦИ) ВО СПОМЕН – ДОМОТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО НЕБРЕГОВО – ВРЕДЕН ИСТОРИСКИ ДОКУМЕНТ ЗА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП Зборник на трудови 27, Битола.
6. **Паре Заревска,** ЕВРОПСКИ ВИДОВИ ГЛИНЕНИ ЛУЛИЊА ОД МУЗЕЈОТ ЗА ТУТУН, Зборник на трудови 27, Битола
7. **Душко Темелкоски, Владимир Крстески, Александар Миткоски, Дејан Кебакоски, Оливера Јандреска**, Гробници издлабени во карпа во Прилепскиот регион (во печат) Macedonia acta archaeologica 26, Македонско археолошко друштво, Скопје.
8. **Душко Темелкоски**, Загубено село и две негови цркви во Прилепско (во печат) Патримониум 22, Каламус, Скопје

СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Во временскиот период од 20. 03 до 29. 05. 2024 и од 05. 09 до 12. 10. 2023 година, стручно лице, археолог од НУ Завод и Музеј – Прилеп, беше член на стручниот тим кој вршеше Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Школска Тумба, с. Могила, битолско. Истражувањата се реализирани од страна на НУ Завод и Музеј – Битола, а под раководство на виш кустос Јасмина Гулеска.

На потесен простор од евидентираното археолошко наоѓалиште, општина Могила планира изградба на објект за згрижување на деца од предшколска возраст. Во определниот опфат се откриени културни хоризонти од праисториски периоди, од доцноантичко време, раносредновековниот и отоманскиот период.Истражувањата се реализирани од страна на НУ Завод и Музеј – Битола.

Стручно лице од НУ Завод и Музеј – Прилеп реализира стручен престој во Републички Завод за Заштита на културно-историско наследство во Република Српска во Бања Лука, одделение за заштита на културно-историско наследство, избран на Конкурсот за поддршка за стручно усовршување на дефицитарни кадри во уметностите и заштита на културното наследство од областа на културата за 2024 година.

директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Мимоза Христоска

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2024 ГОДИНА

музејска дејност



февруари 2025 год.

МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

I. Во 2024 година одобрени беа проекти од музејска дејност и тоа:

1. Осовременување и обогатување на постојаната поставка на Музејот за тутун.
2. Хепенинг "New Event - tention" (во чест на Блаже Конески).
3. Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на 32 предмети од збирката на Епиграфски споменици и камена пластика на НУ Завод и Музеј – Прилеп
4. Потомците на борците.
5. Археолошки истражувања на локалитетот Бедем - Стибера кај село Чепигово.
6. Одржување и ажурирање на Веб страницата.
7. Евиденција на антички и христијански камени споменици во Прилепскиот регион (I фаза – Општина Кривогаштани и Општина Крушево).
8. Реевиденција на регистрираните икони како споменици на културата, библиографски материјали, живопис и архитектура на црквите и манстирите на територијата на Општина Крушево.
9. „Мариовските народни носии – низ креативните раце".
10. Применување на новите методи за презентација на културно наследство заради подигање на свесноста за негова примарна заштита.
11. Презентација на книжни икони, изработка на фотомонографија од првото печатење и нивниот развој со наслов: Книжни икони – графички икони од XVIII и XIX век од збирката на НУ Завод и Музеј – Прилеп.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во музејската дејност во Извештајот за второто полугодие од 2024 година ги доставуваме следните информации поединечно по проекти:

1. Осовременување и обогатување на постојаната поставка на Музејот за тутун

Основните технички потреби за работен простор, осветлување, елементи за струја, работни маси, дел од трошоците за гориво и транспорт, како и дел од алатките се обезбедени од нашата институција во текот на 2023 година (истиот проект), а надополнување на условите, инвентар на хемикалии и други материјали, припремни активности за планирање на проектот и новите набавки се реализирани во првата половина од 2024 година.

Во рамките на проектот „Осовременување и обогатување на постојаната поставка на Музејот за тутун“, во втората половина од годината, релизирани се следните активности:

- Финализирани се сите активности од Планот за реекспонирање (бележење на промени во „Главниот команден фајл“ за евиденција на промени;
- Интервенирано е конзерваторско - препараторски на 57 експонати - припрема за експонирање;
- Фиксирани се постаментите на 14 витрини со подметки и шрафови, за преместување;
- Извадени се експонати и носечки стакла во витрините за пренос;
- Преместени се и/или разместени 14 - те витрини во просторот, од кои 2 во централниот простор на салата на Музејот за тутун;
- Обезбедено е напојување со струја на витрините, со продолжни кабли;
- Изработени се профилирани постаменти за 2 витрини;
- Изработени се држачи од плексиглас за експонирање лули;
- Изработени се бројчиња од плексиглас за обележување на експонатите;
- Повторно се поставени прегрупираните експонати;
- Изработен е кураторски извод за новите содржини;
- Воведени се нови експонати во витрините;
- Евидентирани се промените (движења на експонати) од една во друга витрина;
- Набавено е дополнително осветлување за фотографирање на експонатите и фотографирани се 292 експонати, со добра резолуција, за Каталогот на Ликовната збирка на Музејот за тутун и за наша фото евиденција (креирање употреблива фото – документација), како и за креирање веб страница на МТ;
- Обезбедени се софтверски програми и обука за користење на истиот софтвер, за фото – скенирање на експонати и уметнички дела на Музејот за тутун и обработка на делата, како за фото - евидентирање, така и за Каталогот на ликовната збирка на Музејот за тутун;
- Целокупната Ликовна збирка на Музејот за тутун и збирката на НИТ е фотографирана со висока резолуција, заради изработка на панои и цераци, за подобрување на презентацијата, но и за сопствена евиденција и Каталог на Ликовната збирка;
- Каталогот на Ликовната збирка на Музејот за тутун и НИТ е напечатен и промовиран при посетата на ректори од универзитети од Југоисточна Европа на НИТ и УКЛО – Битола;
- Преземени се, препарирани и тесаурирани во депоата на Музејот за тутун 4 ликовни дела од Научен Институт за тутун – Прилеп, заради немање соодветни услови за чување во самата зграда на НИТ;
- Изработени се 2 робусни држачи за цераци за одделување на работниот дел на салата, со изложбениот простор – наменет за посетители и набавени се соодветни цераци за истата намена, кои се фиксирани за држачите;
- Преврамени се кашираните фотографии и графики и формиран е „Пункт“ за каширани фотографии, каде се изложени 14 каширани и врамени фотографии, на дрвени sидни постаменти;
- Минимално се исчистени 10 ликовни дела од Постојаната поставка на Музејот за тутун и истите се преместени, односно преекспонирани, заради преместувањето на витрините;
- Реализирана е обука за кустосите на Музејот за тутун за користење напредни техники за GIMP редактор и кјуер код, заради можна имплементација за идната година;
- Графички се припремени сите потребни проектни производи и дизајн за држачи, фолии и сл. за идната година (следните фази на проектот).







2. Хепенинг “New Event - tention” (во чест на Блаже Конески)

Петта година по ред се реализира проектот Хепенинг,,New Event -tention" (Во чест на Блаже Конески). Бидејќи овој проект е во соработка со школска и предшколска популација оваа година ги вклучивме ученици техничари од СЗТК Народна техника - Прилеп кои изработија голема макета од куќата на Конески, која останува како вреден подарок во Спомен домот на Блаже Конески во с. Небрегево. Во текот на реализацијата на овој проект беа поединечно изработени макети на куќата во помал размер. Децата од предшколска возраст од дневниот центар Еду Шампиони, изработија мозаик од куќата со упореба на природни материјали и тоа леќа, грав, ориз, пченица. Во чест на Блаже Конески беше подготвен и изведен рецитал. Подмадокот на градот ја удостои институцијата и овој проект со цитирајќи ја песната „Дете“, како и изработувајќи повеќе дела со ликот на Блаже Конески.

Наставникот по ликова уметност од ООУ,,Блаже Конески" од Прилеп со учениците од истоименото училиште изработија уметнички слики со ликот на Конески како и родната куќа на Конески. Овие дела беа изработени со употреба на мрсни бои, истите беа врамени. Настаните се одвиваа континуирано во текот на месец мај.









3. Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на 32 предмети од збирката на Епиграфски споменици и камена пластика на НУ Завод и Музеј – Прилеп

Во првата половина од 2024 година добивме конзерваторско одобрение, а согласно предвидената динамика, реализацијата на проектот беше во втората половина од годината.

Селектираните наоди од Збирката на епиграфски споменици и камена пластика на НУ Завод и Музеј Прилеп, вклучени во овој проект се пронајдени при археолошки истражувања во најразлични места во околината на Прилеп и поставени во лапидариумот на музејот, музејската поставка и депоата во музејот. Се работи за доста исклучителни предмети изработени од мермер во техника клесање. Овој проект вбројуваат вкупно 11 стели, 9 скулптури, 6 плочи со натпис, 2 ари, 1 мерна маса и 3 мермерни релјефи. Истите се заведени во музејска документација.

Се работи за предмети кои дел се поставени во лапидариумот на музејот, дел од нив се во витрините во музејската поставка, а дел од нив складирани во депоата. Кај сите нив се појавуваат оштетувања од различна природа. На предметите кои се поставени во лапидариумот на музејот се видливи наталожени нечистотии и колонизирани талофитни растенија како што се мов и лишаи. Бидејќи повеќето предмети се изработени од бел ситнозрнест мермер (локален во регионот на Прилеп) скоро кај сите се појавува нарушена структура на површинскиот слој што предизвикува дробење познато како шеќерно ронење за овој тип на мермер. Како последица од ова се јавува губење на оригиналниот изглед на предметите, а доколку се стели и плочи со натпис овој проблем доведува до губење на оригиналните натписи на спомениците и релјефните прикази. Како често оштетување се јавуваат пукнатини од различен тип кои предизвикуваат откршување на мали фрагменти од површината на спомениците. На дел од нив, претежно кај скулптурите се појавува и површинска калцинација на соли, односно создавање на таканаречена краста на површинскиот полиран слој што ја ослабува структурата на мермерот и може да предизвика дополнителни оштетувања на истите.

Во текот на 2024 година во првата фаза од овој проект на конзерваторско – реставраторски работи подлежеа 11 предмети со инвентарни броеви:

315 – Плоча со натпис, Стибера
323 - Стела, с. Браилово
366 - Стела, непознат локалитет
4178 (а) - Глава од скулптура (Ефеб по претпоставка)
4184 - Плоча со натпис, Стибера
4195 - Статуа на Ника, Стибера
4220 - Релјефна плоча, Стибера
4233 - Биста на Фаустина II, Стибера
4234 - Мерна маса, Стибера
4235 - Ара на Хермес, Стибера

Опис на превземени конзерваторско-реставраторски интервенции на горенаведените наоди:

315 – Плоча со натпис , Стибера

- Место на пронаоѓање: лок.Стибера, с.Чепигово, римски период.
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Мермерна правоаголна плоча со натпис пронајдена при истражувања на арх.лок. Стибера, с.Чепигово. Над натписот во плиток релјеф се изработени два диска. Плочата е изработена со техника врежување, плиток релјеф. Фрагментирана на четири парчиња, кои се спојуваат две со две, но сите четири заедно не се спојуваат и недостасува голем дел од плочата.
Четирите фрагменти се уредно документирани пред процесот на конзервација. Сите четири се исчистени механички со вода и меки четки и оставени целосно да се исушат. По нивно сушење извршена е консолидација на сите четири фрагменти со 7 % на Paraloid B – 72 во два наврати до целосно заситување на мермерот. Лепењето е извршено со двокомпонентно лепило за мермер EPO 121 кое во случај на разлепување е терморевезибилно. Бидејќи се залепени два со два фрагменти спојките помеѓу нив се истотака потполнети за пречување на пукање како и поголема стабилност на паршињата. Во овој процес е употребена варова паста како врзиво и мермерно брашно и кварц како полнител во оваа смеса за потполнување. Додека смесата не е целосно сува извршен е ретуш на полнетицата со бои слични на оригиналот со употреба на земјен окер пигмент.

323 - Стела, с. Браилово

- Место на пронаоѓање: лок.Тумба, с. Браилово, римски период.
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Стела со правоаголна форма. Во украсното поле се преставени мајка и дете. Сочуван е клинот за зацврстување. Стелата е изработена од мермер во техника делкање.

На плочата се видливи оштетувања на површинскиот полиран слој на мермерната плоча што довел до губење на острината на релјефниот приказ. Мермерот има висок степен на порозност, недостасува горниот десен агол. На целата површина на плочата има развиени талофитни колонии на мов.
Пред почеток на конзерваторските интервенции мермерната плоча е уредно документирана. Целата површина на стелата е третирана со 10% на CaClO2 растворен во вода со цел уништување на мовта од површината која создава уште поголеми оштетувања на површината и губење на релјефниот приказ на стелата. Растворот е нанесен на површината на стелата и оставен да делува 10-15 мин , по што со меки четки целата површина е исцистена а потоа и испрана со проточна вода до целосно миење на хемискиот раствор и оставена целосно да се исуши. Поради високиот степен на порозност на оваа плоча процесот на консолидација е извршен со 7% раствор на Paraloid – B72 неколку наврати до целосно заситување на мермерот.

366 - Стела, непознат локалитет
- Место на пронаоѓање: непознат локалитет, римски период.
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Стела со украсно поле во кое се прикажани две машки и една женска фигура, облечени во долг хитон и химатион. Долното поле кое е двојно профилирано е празно. Стелата е изработена од мермер во техника клесање и делкање висок релјеф. На плочата се видливи оштетувања на површинскиот полиран слој што довел до губење на острината на релјефниот приказ. Мермерот има висок степен на порозност, како и развиени талофитни колонии на целата површина.
Пред почеток на конзерваторските интервенции мермерната плоча е уредно документирана. Целата површина на стелата е третирана со 10% на CaClO2 растворен во вода со цел уништување на мовта од поврпината која создава уште поголеми оштетувања на површината и губење на релјефниот приказ на стелата. Растворот е нанесен на површината на стелата и оставен да делува 10-15 мин , по што со меки четки целата површина е исцистена а потоа и испрана со проточна вода до целосно миење на хемискиот раствор и оставена целосно да се исуши. Поради високиот степен на порозност на оваа плоча процесот на консолидација е извршен со 7% раствор на Paraloid – B72 неколку наврати до целосно заситување на мермерот.

4178 (а) - Глава од скулптура на Ефеб
- Место на пронаоѓање: лок. Стибера, с.Чепигово, римски период
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Овој мермерна гала е дел од скулптура односно сочувано и торзо од скулптурата меѓутоа не се спојуваат меѓусебе, затоа главата од скулптурата е конзервирана во оваа прва фаза од проектот, додека торзото е предвидено да се конзервира во следната фаза. Зачуваниот преден дел од главата – лицето е мошне солидно изработен, особено косата која паѓа на челото во благо подвиткани прамени. Веѓите се речиси рамно моделирани, лесно нагласени и свиткани кон надворешните краеви. Челото е рамно, очите со бадемест облик, носот во зачуваниот корен правилен. Скулптурата е изработена од мермер со техника на клесање.
Направена е уредна фотодокументација пред започнување на конзерваторските интервенции. Целата површина е исчистена механички со употреба на 3А разтвор, односно 1:1:1 (вода, ацетон, алкохол) со ватени стапчиња. По завршување на процесот на чистење целата мермерна глава е консолидирана со 7% раствор на Paraloid B – 72 во два наврати до целосно заситување на мермерот.

4184 - Плоча со натпис, Стибера
- Место на пронаоѓање: лок. Стибера, с.Чепигово, римски период
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Правоаголен постамент со натпис во шест реда на старогрчки јазик. Натписот е посветен на Септимиј Лик, македонијарх и панхелен, а од натписот се дознава дека е подигнат во време на императорот Комод. Постаментот е изработен од мермер со текника на клесање. Поголемиот дел од површина на постаментот е прекриена со мов што предизвикува и поголема порозност на самиот мермер.

Пред почеток на конзерваторските интервенции мермерниот постамент е уредно документиран. Прв процес на конзервација е хемиско третирање на површината на постаментот со 10% на CaClO2 растворен во вода и меки четки со цел уништување на мовта а потоа е оставен целосно да исуши. По сушењето целиот постамент е консолидиран со 7% на Paraloid B – 72 во два наврати до целосно заситување на мермерот и негова стабилизација што подразбира спречување на понатамошно ронење на истиот и зачувување на натписот од губење.

4195 - Статуа на Ника, Стибера
- Место на пронаоѓање: лок. Стибера, с. Чепигово, римски период
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Скулптура на богинката Ника. Претставена е во став на долетување, облечена во тенок химатион кој од предната страна е прилепен кон телото, а одзади во густи набори се се вее низ нејзините плеќи под крилјата, се до стапалата. Божицата лесно ја допира почвата од десната бочна страна. Изработена од бел ситнозрнест мермер со техника на делкање. Скулптурата е фрагментирана во два дела, со висок степен на ронливост на мермерот при што е изгубен поголемиот површински полиран слој на скулптурата.
Направена е уредна фотодокументација пред започнување на конзерваторските интервенции. Целата површина е исчистена механички со употреба на ЗА раствор , односно 1:1:1 (вода, ацетон, алкохол) со ватени стапчиња. По завршување на процесот на чистење двата фрагменти се консолидирани со 7% раствор на Paraloid B – 72 во два наврати до целосно заситување на мермерот. При процесот на спојување се утврди дека помеѓу двата дела на половината на божицата недостасува дел од 1 см за анатомски точна поставеност на телото на Ника. Затоа е направена смеса од ризла 3-5 мм и докомпонентно лепило за мермер EPO 121 со која е додаден 1см во висина на половината на скулптурата а во исто време се споени и двата дела од истата. По целосно сушење на лепилото во пределот на реконструираниот дел на скулптурата е додаден уште еден надворешен површински слој на смеса од варова паста и мермерно брашно и пластично реконтруиран делот кој недостасува на скулптурата, нејзините набори од облеката како и дел од крилјата. Како завршна интервенција е извршен ретуж на рекоструираниот дел со земјени окер пигменти во нијанси најблиски до оригиналната боја.

4220 - Релјефна плоча, Стибера
- Место на пронаоѓање: лок.Стибера, с. Чепигово, римски период
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Вотивна мермерна плоча со правоаголна форма, дел од култна Конструкција – куќичка 1. Во јајцевидно издлабено поле во плиток релјеф е прикажана претстава на божество со птичје лице свртено на лево. Нозете и рацете завршуваат со канџи, III век. Плочата е изработена од мермер со техника на клесање. Видливо е нарушување на структурата на мермерот во поврпинските слоеви што предизвикува ронење на мермерот.
Направена е уредна фотодокументација пред започнување на конзерваторските интервенции. Целата површина е исчистена механички со употреба на ЗА раствор , односно 1:1:1 (вода, ацетон, алкохол) со ватени стапчиња. По завршување на процесот на чистење релјефната плоча е консолидирана со 7% раствор на Paraloid B – 72 во два наврати до целосно заситување на мермерот.

4233 - Биста на Фаустина II, Стибера
- Место на пронаоѓање: лок. Стибера, с.Чепигово, римски период
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Портретна биста на Фаустина изработена од мермер со висина од 68,4см. Бистата е одлично сочувана. На неа е видлив само слој нечистотија и земја додека други оштетувања нема.
Направена е уредна фотодокументација пред започнување на конзерваторските интервенции. Целата површина е исчистена механички со употреба на ЗА раствор, односно 1:1:1 (вода, ацетон, алкохол) со ватени стапчиња. Мермерот на оваа биста е совршено стабилен и не беа потребни дополнителни конзерваторски интервенции. По завршување на конзерваторските интервенции бистата е поставена во музејската поставка на музејот.

4234 - Мерна маса, Стибера
- Место на пронаоѓање: лок.Стибера, с.Чепигово, римски период
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Правоаголна мерна маса за мерење течни продукти, изработена од мермер со димензии 1,52 см x 59 см x 18 см. Со масата се пронајдени и две мермерни правоаголни плочи кои служеле како ногари за истата. Масата е фрагментирана на два дела и на неа се видливи слој на нечистотија и земја. Со неа зачувани се и двете оригинални ногари на кои таа била поставена.
Направена е уредна фотодокументација пред започнување на конзерваторските интервенции. Првиот конзерваторски зафат беше чистење на површината на мерната маса механички со меки четки и вода под притисок. По завршување на овој начин на чистење на мермерот видливи станаа наслагите од калцинација кои делумно беа отстранети исто така механички со употреба на медицински скалпери и поцврсти четки. На истиот начин беа исчистени и двете мермерни плочи (ногари). По целосно сушење на сите исчистени делови истите беа пренесени до делот во лапидариумот на музејот каде и беше предвидено поставување на мерната маса. Лепењето и поставувањето се изврши заедно поради самата тежина и комплексност на поставување на мерната маса на своите ногари. Двете мермерни ногари беа поставени а врз нив со дигалка кран се кренаа и поставија двете парчиња од мерната маса и во истиот момент на поставување беа и слепени едно со друго со двокомпонентно лепило за мермер EPO 131. Како следна конзерваторска интервенција се изврши потполнувањето на пукнатината и реконструкција на мали делови кои недостигаат помеѓу девете залепени парчиња од мерната маса. Полнењето и реконструкцијата е направено со смеса од варова паста како врзиво и мермерно брашно како полнител, смеса најблиска до оригиналниот состав на мермерот. Како последна интервенција е ретуш на реконструитраните делови во окер и сиви нијанси најблиски до оригиналната боја на мерната маса.


4235 - Ара на Хермес, Стибера
- Место на пронаоѓање: лок.Стибера, с.Чепигово, римски период
- Збирка: Епиграфски споменици и камена пластика

Профилирана ара со фронтон со розета фланкирана со полусферични кругови и натпис на старогрчки јазик, изработена од мермер со димензии 65см x 37см x 42см.
На арата се видливи оштетувања од различна природа. Најмногу оштетување има во горните партии каде што има откршено фрагменти и поголеми парчиња од профилацијата кои недостасуваат, како и оштетување кои ненамерно се настанати при пронаоѓање на арата при археолошките истажувања. На површината е видлив тенок слој на калцинација и нечистотии. Структурата на мермерот не е стабилна и предизвикува постепено шеќерно ронење на површинскиот слој на арата.
Направена е уредна фотодокументација пред започнување на конзерваторските интервенции. Првиот конзерваторски зафат беше чистење на површината на арата механички со меки четки и вода под притисок. По завршување на овој начин на чистење на мермерот видливи станаа наслагите од калцинација кои делумно беа отстранети исто така механички со употреба на медицински скалпели и поцврсти четки. Како последна интервенција беше поставувањето на арата на веќе постоечки метален постамент во лапидариумот на музејот.

Следна фаза на реализација е предвидена во 2025 година како фаза 2 во која на конзерваторски интервенции ќе подлежат други 10-13 предмети селектирани во “ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА 32 ПРЕДМЕТИ ОД ЗБИРКАТА НА ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП.“










4. Потомците на борците

Со проектот „Потомците на борците“ доаѓаме до дополнителни сознанија и информации за историјата на македонскиот народ, преку активностите на оние кои зеле учество во борбата за слобода на Македонија против фашизмот. Со помош на боречките организации од неколку градови (општини) како: Прилеп, Скопје, Битола, како и со лични контакти направени се првични контакти со потомците на борците, односно, нивни: синови, ќерки, внуци и други роднини. Целта на самиот проект е добивање на информации за нивните лични биографии, како и за одделни настани во кои тие учествувале, а поврзани со нивните најблиски кои загинале или ја преживеале војната, а потекнуваат од Прилеп или прилепско, како: Народните херои, борци, и револуционери, а кои досега тие лично (додека биле живи) или денес нивните потомци од најразлични причини не успеале да ги објават, презентираат, а интенција е доколку се работи за движни предмети, оружје, фотографии, документи и друго, кои биле сопственост на борците, истите да стригнат до музеите.

Временската дистанца од 80-ина години (повеќе или помалку) овозможуваат да се обелоденат случки и настани, за кои од разни причини не се зборувало или не се објавени, а кои би ја збогатиле нашата историја.

Во изминатиот период направени се разговори, поединечни средби и друг вид на комуникација со потомци на Народните херои, а по потекло од Прилеп и прилепско, меѓу кои на: Кузман Јосифоски – Питу, Крсте Црвенкоски, Вера и Мирче Ацеви, Борка Талески, Илија Игески –

Цветан, Борка Велески –Левата – Горанов, потоа со членови на семејството на Методија Андонов – Ченто, претседателот на Президиумот на АСНОМ, со потомци на првоборци и борци загинати во НОВ: Мице Козар, Добре Јованоски, Ордан Михајлоски – Оцка, Илка Василеска – Присаѓанка, Благоја Василески, на борци т.н. споменичари, како:
Киро Базерко, Методија Попоски-Мајка, Калина Попадиноска, Драгица и Мицко Трајкоски, Гога Силески, Панда Мргеска (Андоноска), Стеван Андоноски, Вангел Трајкоски, Александар Крстески – Јулски, Ратка Крстеска и други.

Со оглед на фактот што Прилеп имал значајна улога во НОВ 1941-1945 година, каде и почнало Народното востание на 11 Октомври 1941 година, а поради големиот влог, 15 прилепчани се прогласени за Народни херои, од кои 10 загинале во НОВ, а 5 ја преживеале и имале голем придонес во развојот и изградбата на слободна Македонија, како дел од раководните структури на Републиката, како и Федерацијата, сметам дека реализација на проектот предизвика големо внимание, а особено што Прилеп дал и 154 носители на „Партизанска споменица 1941“. Ако знаеме дека ова одликување го добивале живи борци, односно, оние кои ја преживеале војната, а кои во слободарските години оформиле свои семејства и свои потомци, па со тоа и интересот кај истите за вклучување во проектот е исклучително голем, што секако се наметна потреба од продолжување на проектот и во наредниот период. Несомнено, со реализацијата на проектот, добивме дополнителни информации за борците, за разни настани, преку фотографии, документи и слично, а во функција на збогатување на историјата на македонскиот народ.







5. Археолошки истражувања на локалитетот Бедем - Стибера кај село Чепигово

Локалитетот Бедем – Стибера е административниот дел на градот кој егзистирал во подолг период, од времето на владеењето на македонските кралеви се до крајот 4 век. Зенитот го има за време на владеењето на римските императори од династиите Антонини и Севери. Откриени се повеќе јавни градби, кои со репрезентативните движни наоди, особено на мермерната антропоморфна скулптурална пластика, ја стават Стибера во рангот на останатите значајни антички градови на територијата на Северна Македонија.

Во рамките на годишната програма на НУ Завод и Музеј Прилеп за 2024 година, поддржана од Министерството за култура, се реализираат археолошки систематски истражувања на локалитетот во горниот сектор „Храм на богинката Тихе“. Конкретно, се ископува од надворешната страна на јужниот sид од административната зграда на градската агора.

Со една од претходните истражувачки кампањи, беше евидентиран сегмент од sид од прилепена градба на оваа зграда, а која продолжувала кон југ под високиот земјен насип наталожен во минатото. Овој sид се откри во должина од 2,80 м., при што е измерена негова ширина од 0,80 м. Граден е без употреба на малтер и неговиот најдолен темелен ред на камења е на повисоко ниво од оној на јужниот sид од зградата на агората. На подното ниво во внатрешноста на градбата која се открива, е евидентирана групација на камења за која не може со сигурност да се каже каква намена имала. Покрај нив, откриен е речиси квадратен гранитен камен, кој е пренесен во оваа градба при разградувањето на зградата на агората во средината на 3 век, кога Стибера го губи сјајот на моќен урбан политички центар во времето на зенито на римската империја. Врз основа на овие сознанија, градбата што се открива со овогодинешните истражувања е помлада од храмот на Тихе и од зградата на агората.

Во длабочина, а под оваа нова градба, се евидентираат издлабувања во основата која е мека карпа, како и остатоци од постара градба (еден ред од sидови), која егзистирала на преминот од старата во новата ера.

Од движни наоди се пронаоѓаат разни облици на керамички садови (во фрагменти), земјени тегови, разни предмети од железо, како и бронзени монети од доцномакедонскиот и од римскиот период.





6. Одржување и ажурирање на Веб страницата

Како предмет на Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп од областа на музејската дејност за 2024 година, е учество во финансирање на проектот: „Одржување и ажурирање на Веб страницата“. Министерството со средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година учествува во финансирањето на проектот со средства во висина од 45.480,оо денари, од кои во првата фаза односно во првото полугодие се реализираја 22.740.оо денари кои намески се потрошија за реализација на проектот. Мојата задача е сите потребни информации кои произлегуваат од работата на нашата установа, да ги средам и да ги предадам на лицата кои работат на ажурирање на веб порталот за дополнување со нови содржини.

Во втората фаза односно на 31.10 2024 година реализирани се и вториот дел од средствата во висина од 22.572.оо денари, со што проектот се заврши и планираните активности се реализираја, односно средства се искористија за продолжување на регистрација на домен, закуп на серверски

простор и одржување, ажурирање на веб порталот и дополнување со нови содржини и редизајн на постечки веб сајт, кои произлегуваат од работењето на НУ Завод и Музеј - Прилеп.

1. Надополнување со нови содржини за проекти и настани на НУ Завод и Музеј-Прилеп;
2. Промени, исправки и надополнувања на менито од веб страната, каде се постави и линк до специјализираната библиотека која е дел од COBISS системот, каде корисниците директно ќе можат да се логираат и пребаруваат во нашата специјализирана библиотека.
3. Додавање на дополнителни модули и креирање на помошни кориснички профили со цел да се подобри на пласирањето на мултимедијални материјали;

7. Евиденција на антички и христијански камени споменици во Прилепскиот регион (I фаза – Општина Кривогаштани и Општина Крушево)

Евидентирањето на камените антички и христијански споменици се изврши во периодот од 15.07.2024 до 29.07.2024 година во двете наведени општини: Оштина Кривогаштани и Општина Крушево. Пред започнувањето на овој проект се изготви план за ефикасна посета на населените места по општини. Во општина Кривогаштани се посетија сите населени места, односно сите црковни храмови во селата: Бела Црква, Боротино, Воѓани, Врбјани, Годивле, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Мирче Ацев, Обршани, Пашино Рувци, Подвис и Славеј. На територијата на општина Кривогаштани се евидентирани вкупно 104 мермерни предмети. Во општина Крушево се посетија сите црковни храмови во градот Крушево и сите црковни храмови во селата: Алданци, Арилево, Белушино, Бирино, Борино, Бучин, Врбоец, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Јакреново, Милошево, Норово, Острилци, Пресил, Пуста Река, Саждево, Свето Митрани и Селце. На територијата на општина Крушево се евидентирани вкупно 16 мермерни предмети. Во двете општини, во периодот од 15.07.2024 до 29.07.2024 година се евидентираа вкупно 120 мермерни предмети. Според извршените кабинетски анализи на евидентираните предмети се дојде до сознание дека во Општина Крушево многу помалку е присутна античката и христијанска камена пластика, каде се евидентирани вкупно 16 предмети, додека во општина Кривогаштани се евидентираа 104 мермерни споменици од вкупно 120 споменици. Во делот на кабинетските активности се изврши подетална анализа на лоцираните предмети, односно нивна намена, димензии, карактеристики, приближно датирање и фотодокументација.









8. Реевиденција на регистрираните икони како споменици на културата, библиографски материјали, живопис и архитектура на црквите и манстирите на територијата на Општина Крушево

Овој проект беше предвиден да се заврши во една фаза, но поради малите средства кои беа одобрени од Министерството за култура проектот мораше да се заврши во време траење од 5 работни денови веќе втора година. Целта на побараните средства беше поставена со што во тековната година требаше да се заокружи територијата на Крушево и крушевско која опфаќа 19 села и самиот град, во која општина се лоцирани 21 црква. Предходната година 2023, е извршена евиденција и реевиденцијата во следниве села:

1. **Црква св.Никола во село Пуста Река, 1863**
2. **Црква св.Димитрија во село Горно Дивјаци, 1884**
3. **Црква св.Никола во село Долно Дивјаци, 1887**
4. **Црква св. Никола во село Арилево, втора половина на 19 век**
5. **Црква св.Јован во Крушево, 1893 - 1903**

Оваа година 2024, реализацијата на овој проект кој отпочна на 26.04 и траеше до 13.05, со прекини поради велигденските празници, се реевидентираа две цркви кои се наоѓаат во самиот град Крушево, заедно со целиот книжен –библиографски материјал кој го поседуваат, фреско живописот, иконите и сакралната архитектура.

Во оваа фаза на реевидеција примарно се обрнуваше внимание на општата состојба на архитектурата на самите градби со детали на оштетувања како иконите колкаво е оштетувањето исто и на книжниот материјал и иконите кои не се евидентирани, а кои заслужуваат да се внесат како предлог за нова евиденција. Иконите кои беа затекнати без евидентен број беа нумерирани со бројчиња како на пример Ск 1 и потоа испишано со црвена боја Завод и Музеј Прилеп. Сето ова направено е со цел да не настане отуѓување на иконите од црквите.

Времетраењето на теренската работа беше од 26.04 до 13.05.2024. Тренската работа се одвиваше без подетални препреки на терен.

Цркви во кои се изврши евиденцијата и реевиденцијата се:

1. *Црква Успение на Пресвета Богородица во Крушево*
2. *Црква Свети Јован во Крушево*

Во овие две цркви се евидентирани 166 икони, кои се евидентирани како споменик на културата.

Од утврдените состојба на терен, извлечени се следните заклучоци:

направените пропусти од предходните реевиденции за движнотот културно наследство, односно за иконите кои не се евидентирани како постоечки и немаат број сега е надминат со што се превземени сооодветни мерки како фотографирање, мерење, евидентирање нивно и анализа на истите. Такви вкупно на број кои треба да евидентираат се 3 икони кои се од 19 век. Во прилог на овој извештај ќе бидат поставени и иконите на кои е направена анализа на представа која е исликана и на датирањето на истата.

Реевиденцијата се започна со црквата ***Успение на Пресвета Богородица,***во градот Крушево која е подигната во 1867година. Црквата е градена од кршен камен, кровот е на две води, на средината се издига висок осмостран тамбур. Внатрешноста на црквата е поделена на три травеја со помош на колони, по три на северната и јужната страна. Во внатрешноста на црквата доминира голем монументален иконостас, работен во 19 век и на него се наоѓаат евидентирани икони од истиот период. Во внатрешноста на црквата има прекрасен фреско-живопис во калотата и во тамбурата на средишниот дел од црквата, како и во слепата калота на западната страна. Фреско-живописот над порталот датира од 1870 година. Забележаи се и датумите и посветите од крушевските еснафи на иконите. Бидејќи црквата располага со голем број на икони кои се евидентирани и тоа 127 на број самата реевиденција течеше подолго од предвиденото време со што се правеа детани проврки на иконите и се утрвдуваа и промените кои се запишани во евидентните книги со теренската работа со што се воочуваат измени на именување на икони како и грешни поставени димнезии.

- Иконата со број СК 20802 пишана е Свети Јован Претеча но иконата е друга и со други димензии,
- Ск 20802 претстава на Исус Христо на кој има напишано во главнат книга и автори и година но на оваа икона нема никакви податоци.

- Недостасуваат истите икони и според последнат реевиденција која е извршена во 2016 година на 4 икони и тоа:

СК 21473/а- Богородица со Исус Христос,
СК 21474/а - Свети Трифун,
СК 21 475/а - Свети Константин и Елена.

Црквата Успение на Пресвета Богородица се соочува се еден проблем на отпаѓање на опшивката на кубето со што можно е оштетување на фреското кое е насликано во самото кубе, поради влегување од надворешната страна на гулаби кои се населуваат под кровот.
Побарана е усна помош од свештеникот кој ја владее оваа црква за на кој начин да се санира како и стручни лица кои ќе можат да се качат на таа висина каде е потребно скеле.
Фрескоживописот во оваа црква е од 19 век и се наоѓа во доста добра сосотојба.

Икони кои добијаа број од НУ Завод и Музеј се со цел да се заштитат од понатамошно отуѓување се:

01. **Света Мина,** дименз. 18х24,6х2,5 см, изработена е на гипсан грунд врз штица, автор непознат, 19 век.
02. **Дарохранилница**,со претстава на Благовештение, димензии: 37х20х46 см.на неа е извршено и обојување на дрвото, сосотпјбата е одлична.
03. **Крст,** дел од процесија , датиран 1875 година, димензии: 51,2х42,6х2,4 см.

Продолжувањето на реевиденцијата е во **црквата *Свети Јован*** која уште локалното население на Крушево ја нарекува „Влашка црква“. Црквата по својата архитектонска градба е една од најзачуваните во градот. Во црквата нема живопис. Преовладува прекрасно изработен дрвен иконостас, направен од плитка резба од браќата Несторови, чија изработка траела околу четири години. Во неа се евидентирани 39 икони. Црквата е отпочната со градење во 1897 година но завршена во 1903. Поголем број од иконите кои не се евидентирани се од овој период со што заслужуват да бидат веќе запишани во регистерот на евидентирани икони. Во внатрешноста на црквата во влезот на припратата на црквата на sидовите на западната страна се поставени фрески детали кои се од црквата Свети Атанасиј од село Локвени кои се адтирани од 1627 годин. Поставени се 16 детали кои се конзервирани и се поставени на нова подлогана кои се прикажани Св. Архијереи, Пресвета Богородица, итн Со смиот влез во црквата има грандиозен иконостас кој е изработен од орев и јасика и е во длабока резба кој е датиран од 1897 година. Црквата е поплочена со мермерни плочи. Галеријата на спрат како што предходно беше споменато е во обновување со што се приспособува во галериски простор за изложување на икони и библиски книжен материјал од црквата со кои се прави нов распоред на поставување и врамување на иконите и потребна е да се направи и конзервација на хартија на веќе споменатите библиски книги за нивн заштитување. По евидентираните икони недостасуваат две икони за кои не се знае на кој начин се излезени од црквата.
При реевиденцијата се пронајдени нови икони кои треба да се евидентираат а тоа се:

- Плаштеница на која нема ск број ,
- Икона со претстава на Умиление на Пресвета Богородица, во долниот дел на иконата се представени Свети Ѓорѓија, Свети Никола и вети Димитрија која е од 19 век, димнзии на иконата се 40х28,4х4 см.Изработена е на гипсан грунд врз штица.
- Икона со претстава на Исус Христос каде е испишан текст со црковно словенески букви од 19 век, врамена и застаклена со димензии 24х19х3 см.
- Икона со претстава на Исус Христос на перестол, 19 век, гипсан грунд врз штица , со димензии 66х45,5х5см.
- Икона која по своите карактеристики е руска икона која централниот дел е поделен со крст и на секое поле има претстава на по еден светец, гипсан грунд врз штица ,19 век со димензии 38х31х2 сњм.
- Делови од триуптихони ,како централни и старнични кои се со потекло од 19 век.
- Пронајдени се неколку икони кои се опожарени не во сегашно време многу одамна
- Богородица Елеуса,19 век

Во моментот се одвиваа работни зафати на галеријат на кат. Проектот на кој се работи го извршуваат Музеј Крушево со средстава добиени од Министерството за култура, каде се оспособува галерискиот простор на кат каде ќе бидат поставени ракописи кои се пронајдени во самата црква како и дел од постарите икони како предвидено е да се изработи изложбен простор на повисокото ниви наде галеријата на кат каде ќе се постави и мала работилница на зграфите од 19 век кои работеле во овој регион а се со потекло од Крушево.

Иконите кои се поставени на иконостасот во црквата се насликани во почетокот на 20 век, се засталкени, посебно престолните икони, со што се наиде на еден проблем, кој е настанат предходните години при малтарењето во црквата, кога иконостасот предпоставувам не бил соодветно заштитен со што се видливи отпадоци на малтер во просторот на иконата со стаклото. Ова мора да се санира за да не се направат дополнителни оштетувања на самата икона.

Во оваа црква е откриен графчки лист кој е отпечатен на платно и е една од најдобро сочувани гарфики на платно кои се евидентирани во овој регион, а мислам и пошироко.

Во понатамошната обработка на овој матријал од терен ќе следи комплетна документација поединечно за секоја црква со нејзиниот библиографски материјал,фреско,иконописот и архитектура проследен со фото документација и дескриптивна документација на сето она што е откриено на терен . Ќе се изработат картони за секоја црква поединечно Со ова понатаму се отвораат можности за обработка на икони кои не се досега евидентирани исто и евиденција на самите градби –црквите(нивна заштита) како споменик на културата, толкување на натписи на икони и заштита на пишаниот материјал.

што предходно беше споменато е во обновување со што се прииспособува во галерики простор за изложување на икони и библиски книжен материјал од црквата со кои се прави нов распоред на поставување и врамување на иконите и потребна е да се направи и конзервација на хартија на веже споменатите библиски книги за нивн заштитување. .По евидентираните икони недостасуваат две икони за кои не се знае на кој начин се излезени од црквата.

Иконите во овие две цркви се во релативно добра сосотојба, но самите цркви ги застаклуваат иконите за да ги заштитат од верниците од нивно оштетување, но со тоа ја намалуваат нашата стручна работа со што секоја една икона е потребно да се отстакли и да се растури рамката за да се направи премер на истата како и да се фотографира со сите детали на неа, а потоа да се врати во првобитната сосотојба .

Библиографски материјал на терен е откриен приближно околу 100 црковни книги кои по веќе се од 19 век но има и од 18 и 17 век.


Во понатамошната обработка на овој матријал ќе следи комплетна документација поединечно за секоја црква со нејзиниот библиографски материјал, фреско, иконописот и архитектура проследен со фото документеација и дескриптивна документација на сето она што е откриено на терен.

Во прилог ви ги испраќаме следниве фотографии како се одвиваше целокупната работа на терен,со мерење надворешно на црквите, фотографирање надворешно, потоа внатрешно сметнување на секоја икона од иконостасот идентификација на истата ,чистење од прашина и повторно поставување на место, евденција на постоечките икони, идентификација на икони кои не се видентирани досега, нивно мерење и фотографирање за да се постават како предлог за да се заштитат како споменик на културата, фотографирање на фреско живописот и евидентирање на стари пишани библиски материјали.




Триптихон кој е евидентирано културно наследство




9. „Мариовските народни носии – низ креативните раце“

Проектот „МАРИОВСКИТЕ НАРОДНИ НОСИИ – II низ креативните раце“ опфати едукација на ученици од училишна возраст каде учиме за нашето културно наследство, со поттикнување на младите преку кратко предавање и визуелно запознавање и директна презентација на мариовската народна носија како посебна со сите свои специфичности на распознавање, за во иднина истото да се негува и учење како да направат своја креација со цел да се сака и почитува традиционалната народна носија.

• По неколку училишни едукативни предавања, следуваше 5 дневна едукативна работилница со ученици од различна училишна возраст, каде се изработија хартиени кукли „МАРИОВКИ“ (претстава на женска мариовска носија), така што секој ученик направи своја креација од претходно подготвени материјали, според сопственото креативно размислување и визуелно памтење.

Проектот беше предвиден во три фази и сите три се реализирани со единствена цел која ја постигнавме и ги поттикнавме младите преку креативно учење да го негуваат нашето македонско културно богатство и се што поседуваме како наследство од нашите баби и дедовци.

Во едукацијата и работилницата учествуваа 5(пет) училишта, две основни и три средни, ОУ „Кочо Рацин“, ОУ „Гоце Делчев“, СОУ „Ристе Р. Ричко“, СОУ „Гимназија Мирче Ацев“, и СОУ „Кузман Јосифоски Питу“ каде заинтересираноста беше поголема од мината година.

Во проектот е вклучен и надворешен стручен соработник - етнолог Мр. Горан Василески од Институт за старословенска култура - Прилеп.

Наставниците од Основните и Средни училишта Прилеп, соработува со нас , па заедно со нивна подршка и безрезервна соработка го реализиравме целиот проект, а учениците преку создавање решенија од ликовно едукативен карактер се здобија со уште едно побогато искуство на практично учење преку создавање сопствени креации, каде овогодинешното искуство во изработката на куклите се акцентира на УКРАСУВАЊЕТО (поточно секое дете имаше можност да го рефлектира своето видување и впечатокот кој најмногу му се допаднал од оригиналните носии кои оваа година имаат можност да ги видат во оригинал и повеќе примероци).

Проектот се спроведуваше во првата половина од годината, поточно од 04.04. 2024 г., до 17.05.2024 г.











10. Применување на новите методи за презентација на културно наследство заради подигање на свесноста за негова примарна заштита

Активностите се во целост реализирани
(првиот дел во периодот од 02 до 06. 2024, а вториот дел во периодот од 01.07-31.12.2024 година)

- Врз основа на завршените се кабинетски истражувања и избраната стручната литературата проектниот тим ги подготви содржините за изработување на промотивн, интерактивни, едукативни и дигитални материјали за поттикнување на интересот кај целната група – ученици и наставници, за промоција на музејската дејност, поставки, артефакти и експонати, како и потребата од нивно непосредно вклучување во примарната заштита на културното наследство;
- **Креираше едукативните сетови** и **дигитални партиципаторни презентации**, кои дигитално графички ги дизајнираше и обликуваше, подготвувајќи ги за печатење. Нивната примарна цел е приближување на музејската дејност и музејските предмети, односно разбивање на стереотипот дека во музеј предметите само се гледаат, заради што една од нив ја именувавме „Музејот не е аквариум“. За да поттикнеме повисок интерес кај целната група и да ја подигнеме нивната свесност за можноста од непосредно вклучување во примарната заштита на културното наследство, што последователно ќе влијае и на зајакнувањето на чувството за идентитетска припадност и повисоко ниво на толерантност кон различните култури од европскиот континент изработивме уште неколку презентации кои се наведени во делот проектни производи;
- Избраните предмети, археолошки локалитети, документи и експонати се фотографирани, или минимално дигитално обработени и споени со промотивните наративи;
- Креирани се приказните, придружните текстови и илустративниот материјал за интерактивните едукативни сетови;
- Креиравме друштвената игра „*Ајде шетај низ чаршија*“. Истата во консултации со ИТ консултантот графички ја дизајнира и ја подготвивме за печатење, после што ја предовме на печатење и печатницата го отпечати овој финален производ;
- Го одредивме текот на интерактивните работилници „Лаборастории“ и ја тестиравме нејзината промо верзија;
- Ги дефиниравме содржините на „Музејски забавник“;
- Реализирана е основна обука за подобрување на компјутерски вештини со ИТ консултантот С. Спиркоски за П. Заревска и А. Цветкоски. Едукативните сесии ги искористивме и за пронаоѓање на „слободни – бесплатни програми“ за графички дизајн, дигитални алатки и услужни програмчиња за изработување на кратки дигитални игрички. Дигитално ги изработивме визуелно-примамливите содржини за промоција и едукација и ги обликувавме Интерактивните презентации за работилниците, кои ги нарековме „Лаборастории“. Нив ги креиравме според новите методи за интерпретација на културно наследство, мултиперспективна асоцијација, специјализираните

програми за едукација на европските музеи, во консултации со колегите од македонските музеи кои ги водат едукативните дејности и сертифицираниот едукатор за интерактивна презентација на културно наследство, следејќи ги препораките за поттикнување интерес кај модерната – млада публика, која регаира на мултисензорни стимулации (Journal of Language, Literature, Social, and Cultural Studies, Volume 1 Number 3 (Nov 2023), p. 271-280 e-ISSN: 2986-4461);
Следеа неформални консултации со педагози и наставници, кои пријателски ни укажаа на нашите претерувања со стручна терминологија и преобемност на податоци. По тоа започнавме со финализирање на креираните **интерактивни едукативни сетови**;
- Кампања за промоција и поттикнување интерес кај целната група за реализирање на „Лабораторииите“:
Проектот го промовиравме на музејската фб страна креирајќи посебен пост за таа намена. До сите основни училишта испративме попсебно креирана покана за учество и сублимат на проектот. Спроведивме интензивна телефонска кампања, разговори и средби со школскиот стручен персонал и детално ги договоривме терминте
за реализирање на „Лабораторииите“ во ушилиштата. После завршувањето на скоја „Лабораторија“, на фб страната на Завод и музеј поставивме фб постови со краток текст и избрани фотографии;
- Формални средби, разговори и договарања со школскиот персонал за реализирање на „Лабораторииите“ во училиштата во Прилеп и прилепско (П. Заревска, А. Цветкоски и М. Христоска); На средбите со директорите, педагозите и наставници ги претставивме проектните цели и текот на интерактивните работилници. Нивната сугестија дека дигиталната презентација треба да биде проследена со печатени едукативни материјали потполно се совпадна со нашата идеја за три делни работилници: дигитална партиципаторна презентација, печатени интерактивни едукативни сетови (квизови, сложувалки, боенки и сл...) и друштвена игра за маса „*Ајде шетај низ чаршија*“- слоган кој го избравме заради сликовито објаснување на почетоците на музејот, кога поимашливите занаетчии од прилепската чаршија - првите собирачи на артефакти, највредните предмети ги подарувале на тогашниот Народен музеј;
- Реализирање на интерактивните работилници „Лаборастории“ во училиштата:
Целиот тек на интерактивните „Лаборастории“ со интерес и радост беше прифатен од учениците кои безрезервно побараа повеќе активности од овој вид да реализираме во иднина („-кога ќе дојдите пак“ – ни река децата), што ни дава за право да веруваме успешноста на проектната имплементација.
На училиштата, директорите, педагозите и наставниците им врачивме, посебно креирани, печатени благодарници за учество во проект;
„Лаборастории“ ги реализиравме во сите основни училишта кои позитивно одговорија на поканата за учество (сите основни училишта во Прилеп (7), во Долнени (1) и Мало Коњари (1); Реализираните работилници се промовирани на фб страната на НУ Завод и музеј, за што се креирани посебни постови за секое училиште;
Собрана е електронска (фото и видео) документација од реализирањето на работилниците;
Креиран е и дигитално графички е подготвен „Музејски забавник“ со едукативни и нитерактивни содржини кој е предаден за печатење;

11. Презентација на книжни икони, изработка на фотомонографија од првото печатење и нивниот развој со наслов: Книжни икони – графички икони од XVIII и XIX век од збирката на НУ Завод и Музеј – Прилеп

Целта на овој проект е презентација и популаризација на културното наследство и едукација на деца и млади. Оваа збирка на графички икони која беше презентирана пред пошироката јавност е со цел да се заштити, објави и презентира бидејќи таа представува уникатно богатсво, но воедно е еден мал дел од корпусот на графички листови од Прилепскиот Музеј. Графичките листови главно се работени во традиционален стил по примерот на визнатиската и поствизантиската иконографија. Како пример на уметниците скоро секогаш им служела некоја стара чудотворна икона, чиј култ на овој начин уште повеќе се проширувал и почитувал. Повеќе од делата кои се презентирзни и популаризирани пред јавноста се со сцени не ретко присутни во самите верски објекти. Овие графички листови се откриени за време на конзерваторските работи врз кровните конструкции на црквата Свети Димитрија – Варош, црквата Свето Благовештение во Прилеп. Поголемиот дел се конзервирани и спремни за презентација. Овие графички листови потекнуваат главно од светогорските манастири Зограф, Хиландар, Ватопед и Иверион и на нив се претставени

чудотворните ликови на светители, религиозни компшозиции и самите манастирски комплекси. Во натписите кои секогаш се испишани на самите композиции, ги наоѓаме и имињата на авторите и нарачателите, а понекогаш и опис и легенда која е поврзана со самата композиција. Оваа изложба се сосотои од дела на едно место од автори и нарачатели кои потекнуваат од скоро сите балкански простори кои сами говорат за развојот на графичката уметност во 18 и 19 век. Нема сомнение дека во 18 и 19 век православното население од Балканскиот Полуостров црпело најмногу податоци од и за Света Гора каде преку графичките листови „стампи„ или „хартиени икони„како што пуларно биле нарекувани во овој период. Преку халкидик, Тракија и Бугарија, монасите на Света Гора доаѓале во Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и фрушкогорските манастири. Носеќи со себе „хартиени икони„ тие православното население го запознавале со светогорските манастири, култовите на светителите и чудотворните икони. За време на овие посети, светогорските монаси, најверојатно ги поклонувале на верниците и црквите во знак на благодарност за даровите кои народот ги давал како прилог за светогорските манастири.

Проектот за презентација на културното наследство се реализираше преку организирање на изложба и изработка на каталог(фотомонографија), каталошки лист и лифлети за поголема популаризација и едукација. Во рамките на овој проект се изврши дополнително врамување на графики кои се конзервирани со што збирката на графички икони е зголемена . Кога првиот пат беа изложени пред јавноста во 2010 година, колекцијата броеше 20 графики, а денес колекцијата достигна бројка од 50 графики подготвени за изложба.

Изложбата беше поставена во Музеј на град Скопје, во период од 03 до 10 септември 2024 г.



ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Оваа иницијатива ја препознава и ја нагласува улогата на локалната заедница во заштита на наследството, промовира инклузивност и поттикнува креативност.

Во серијалот на 50 000 настани, на тема „Патишта, мрежи и врски“, што се случуваат во 48 земји во Европа, се вклопи и програмата на НУ Завод и Музеј – Прилеп. Во траење од 23.09 до 04.10.2024 година, програмата ги содржеше следниве настани:

23.09. Настан: „Ченто во училишните библиотеки“ -
Локација: „Меморијален музеј 11ти Октомври 1941“ (Участок)
Реализација: Рубинчо Белчески, кустос советник

24.09. Настан: „Македонија – раскрсница на Балканот во минатото“ – предавање и интерактивна работилница
Локација: едукативен центар и археолошка поставка
Реализација: Душко Темелкоски, кустос советник

25.09. Настан: Револутивните изуми и симболичката комуникација во неолитот низ призмата на локалитетот Врбјанска Чука – предавање
Локација: едукативен центар и археолошка поставка
Реализација: д-р Гоце Наумов

26.09. Настан: "Симболичка акултурација на феноменот на тутунот во Македонија"
Локација: Музеј на тутун
Реализација: Александар Цветкоски, кустос советник

27.09. Настан: Развојниот пат на музејската библиотека и „Сите патишта водат кон Рим“ – презентација Локација: библиотека
Реализација: Биљана Темелкоска, виш библиотекар и м-р Оливера Јандреска, виш кустос
30.09. Настан: „Современата уметност како инспирација за идните генерации“
Локација: Лапидариум
Реализација: м-р Маја Ралева – Миладиновски;

01.10. Настан: „Музејски приказни и поучни пораки“ - предавање
Локација: археолошка поставка
Реализација: Габриела Христовска, кустос и Елизабета Иваноска, кустос

02.10. Настан: „Уметноста не е нешто – тоа е начин“
Локација: лапидариум
Реализација: Габриела Христовска, кустос и Елизабета Иваноска, кустос

03.10. Настан: „Отворете ја градската порта“
Локација: едукативен центар и археолошка поставка
Реализација: м-р Паре Зареска, виш кустос

03.10. Настан: Хорски изведби на основношколци на роднокрајни песни
Локација: Роднокрајна музичка поставка
Реализација: Лилјана Неделкоска, библиотекар и Маја Џопа

04.10. Настан: „Накитот низ вековите во Македонија како инспирација за идните генерации“
Локација: едукативен центар
Реализација: м-р Маја Ралева – Миладиновски;

Во рамките на програмата за учество во културниот настан „ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО“ се реализира уште настанот „Симболичка акултурација на феноменот

на тутунот во Македонија", - дебатни разговори кои се развиваа во салата на Музејот за тутун во реализација на Александар Цветкоски, кустос советник.

Дебатните разговори ги собраа на едно место сите оние на кои тутунот им е мотив и инспирација, експерти од областа на етнологија, антропологија, социологија, историја на уметност, филозофија, уметници, личности - кои директно работат со тутун или ги испитуваат ефектите од тутунопроизводството, аналитичари на културни модели, иновации и цивилизациски вредности.

Во соработка со Општинската установа Музеј на град Неготино, а во склоп на одбележувањето на 11 ти Октомври, во Лапидариумот на НУ Завод и Музеј – Прилеп се реализира изложба на фотографии од Златниот антички наод од с. Тремник, Неготино.



Педагошко-водичката служба континуирано се одвиваше во текот на целата година во сите објекти - надлежност на НУ Завод и Музеј Прилеп, и тоа:
- Спомен куќата на Кузман Јосифоски - Питу
- Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово
- Меморијален музеј 11 Октомври 1941 година
- Археолошка поставка
- Лапидариум
- Галерија на икони
- Музеј за тутун
- Етнолошка поставка
- Роднокрајно музичко творештво


Посетите на сите објекти се состојат од организирани групи на училишна младина, сојуз на пензионери, странски групи и поединечни посети.
Во сите објекти регистрирана е посета од околу 4000 лица.

директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Мимоза Христоска

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2024 ГОДИНА

меѓународна дејност



февруари 2025 год.

МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ

I. Во 2024 година финансиран беше еден проект од меѓународната дејност:

Проект за соработка со Европски центар за византиски и поствизантиски споменици во Солун, Р. Грција

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ

Проектот од областа на меѓународна соработка насловен како“ Проект за соработка со Европски центар за византиски и поствизантиски споменици во Солун, Р. Грција“ е реализиран во рамките на доделените средства одобрени со Програмата за 2024 година на Министерството за култура на Р.С.Македонија.

Целта на проектот беше да се реализира идна соработка во функција на спроведување на заеднички истражувања и реализирање на проекти од областа на заштитата на културното наследство со Европскиот центар за византиски и поствизантиски споменици (ЕКБММ) во Солун, Р. Грција.

Европскиот центар за византиски и поствизантиски споменици (ЕКБММ) е основан 1997 г. и е под надлежност на Министерството за култура на Р. Грција. Основните цели на Центарот е да промовира научни истражувања од областа на музеологијата, археолошки ископувања, реставрацијата, конзервацијата и проучувањето на византиските и поствизантиските, споменици и дела на европско и меѓународно ниво, како и организирање на курсеви за обука, доделување на стипендии за научни студии или учество во научно-истражувачки проекти, публикување на научни студии и сл.

Европскиот центар за византиски и поствизантиски споменици (ЕКБММ) изработува и реализира проекти во земји надвор од Р. Грција со фонд (финансии) од ЕУ.

Во центарот се присуствуваше секој работен ден од 15.04.2024 година, заклучно до 26.04.2024 година. Работното време се користеше за запознавање со нивните тековни проекти, нивните завршени проекти. Од друга страна извршена е презентација на дел од клучните проекти на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп што се во тек или перспективно би биле цел на понатамошните заеднички истражувања и реализација доколку тоа стане предмет на заеднички интерес. Во таа насока беа презентирани: Проектот за трпезаријата во Трескавец, проектот за црквата Св. Никола, манастир Зрзе, манастирска црква Св. Преображение, манастир Зрзе, проект за темелеење на црква Св. Никола село Манастир, Мариово и неколку куќи во Крушево (куќа на ул. Коча миленку бр.25, куќа на ул. Партизанска бр.38)

Целта при разгледувањето на проектите беше разменување на информации за методи на работа при документирањето, начинот на непосредната заштита и презентацијата на клутурното наследство.

Еден од актуелните проекти кој беше разгледуван и е во тек на изработка е проект со цел туристичко развивање на археолошки локалитет во Јордан, близу до градот Ajloun. Во овој проект се користи методот на ласерско скенирање со што се добиени прецизни орто-фотографии од локалитетот коишто понатаму ќе се користат во изработка на прецизна документација на постојна состојба за нивна идна заштита. Во рамките на конзерваторските истражувања зависно од природата на предметот на истражување, Центарот (ЕКБММ) ги користи услугите од приватни и државни лаборатории во Солун и Атина.

За време на престојот се изврши теренска посета на неколку сакрални објекти од византискиот период во градот Солун. Во однос на непосредната заштита на културното наследство во голем процент се применуваат истите принципи, само што кај нив конзервацијата е императив, додека реставрацијата се применува таму кај што е непоходно заради безбедноста на споменикот. Исто така беше разменета и стручна литература од двете страни.

Соработката помеѓу двете страни би се движела во насока на искористување на професионалното искуство и потенцијалот за користење на техничка опременост што би го олеснала документирањето и утврдувањето на причините и последиците за состојбата на културното наследство во нашата земја и примената на методите и материјалите за нивна понатамошна заштита.








Европски центар за византиски и поствизантиски споменици Солун, Р. Грција



Црква Св. Софија




Црква Св. Димитрија



Црква Св.Пантелејмон





манастир Влатадон









EUROPEAN CENTER
FOR BYZANTINE AND POST-BYZANTINE MONUMENTS

Thessaloniki, 26/4/2024
Prot. No: 369

To:
Mrs Bisera Makrievska
Master Engineer Architect
Kozara 20, 7000 Bitola
North Macedonia

This is to confirm that Mrs Bisera Makrievska from NI, Institute for the Protection of Cultural Monuments and Museum - Prilep, visited the European Center for Byzantine and Post-byzantine Monuments from 15.04.2024 until 26.04.2024. In this period of time we exchanged experience and knowledge through several ongoing projects about byzantine and post byzantine Monuments.

The Director of EKBMM

Dr. Flora Karagianni
Archaeologist

директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Мимоза Христоска